# ПРАВНИ ПОТРЕБИ И ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА ЛУЃЕТО КОИ ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ И ЗА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА

## РЕЗИМЕ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Преку ова истражување за првпат се проценуваат правните потреби и патиштата до правда за луѓето кои инјектираат дроги и за сексуалните работници во Македонија. Спроведено беше на крајот од 2016 година и почетокот на 2017 година користејќи комбинирана истражувачка методологија. Квантитативната фаза опфати 250 испитаници избрани случајно со стратифициран пристап, од кои 169 инјектираат / инјектирале дроги, а 107 се занимаваат или се занимавале со сексуална работа. Квалитативната истражувачка фаза, пак, вклучи 69 испитаници од двете заедници преку дискусии со фокусни групи, како и 7 претставници од надлежни институции опфатени со индивидуални или групни интервјуа.

Истражувањето покажа дека луѓето кои инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија се соочуваат со десеткратно повеќе нетривијални правни проблеми во споредба со општото население во државава. Истовремено ниската правна писменост, недовербата во институциите и системската дискриминација, меѓу другите фактори, ги спречуваат граѓаните од овие заедници да бараат заштита на своите права и остварување на правда по институционален пат. Со ова се потврдува нивната висока ранливост, како и потребата за унапредување на пристапот до информации, правно советување и заштита.

**96,3%**

**ОД СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ**

**98,2%**

**ОД ЛУЃЕТО КОИ ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ**

...се соочуваат со **најмалку еден правен проблем** во период од околу три и пол години. Истото ова е случај само за **49% од општото население** во Македонија.

Додека обичниот граѓанин во Република Македонија просечно се соочува со **1,3 до 1,5 правни проблеми, сексуалните работници наидуваат на 13,0 проблеми, а луѓето кои инјектираат дроги на дури 14,9 проблеми** со можна правна разрешница во период од околу три и пол години.

# ИЗВАДОК ЗА СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ЛУЃЕТО КОИ ИНЈЕКТИРААТ ДРОГИ

За луѓето кои инјектираат дроги најчести се проблемите поврзани со дискриминација при вработување и работен однос, прекршување на нивните права од страна на Полицијата, како и бројните предизвици со кои се соочуваат при издржување затворски казни. Проблемите се позачестени меѓу помладите припадници на заедницата, оние со македонска етничка припадност, како и оние кои живеат во внатрешноста на државава. Освен проблемите со Полицијата, луѓето кои инјектираат дроги како најсериозни за нив ги посочуваат и пречките во добивање соодветна здравствена зашита, правните проблеми со нивните сопружници / парнери, како и проблемите со пари и пристап до јавни услуги.

ЛИД кои пријавуваат најмалку еден проблем, според области



## СПРАВУВАЊЕ СО НАЈСЕРИОЗНИОТ ПРОБЛЕМ (ЛИД)




И покрај тоа што постои свесност за штетноста на проблемите, повеќе од една четвртина од ЛИД не преземаат ништо за нивно решавање, а дополнителни **18%** единствено самостојно се обидуваат да најдат некакво решение.

### Инстанци за барање помош (ЛИД)




Во поретки случаи кога овие граѓани бараат правен совет или помош за решавање на нивните проблеми, тие најчесто се обраќаат кај правници или други лица во здруженијата на граѓани,се советуваат со адвокати за кои плаќаат сами или пак со роднини и со пријатели, додека речиси и да не ги користат другите достапни механизми за заштита на нивните права, како на пример Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација или Секторот за внатрешна контрола при МВР.

## Причини за неактивност (ЛИД)




Неактивноста е почеста доколку се работи за проблеми при вршење сексуална работа, при проблеми поврзани со Полицијата или со добивање здравствена заштита, а се должи на немањето надеж дека кој било може да им помогне поради недовербата во македонскиот правосуден систем, но и поради страв од влошување на проблемите или страв за личната безбедност доколку побараат решение.



# ИЗВАДОК ЗА СЕКОЈДНЕВИЕТО НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

СР кои пријавуваат најмалку еден проблем, според области




За сексуалните работници најчести се проблемите кои произлегуваат од пристапот до вработување и при работен однос, при изнајмувањето место за живеење, како и предизвиците во пристапот до јавни добра и услуги. Но, за нив најсериозни се проблемите со кои се соочуваат поради нивниот избор да се занимаваат со сексуална работа, како и проблемите со нивните семејства, сопружници и вонбрачни партнери, а кои најчесто подразбираат изложеност на насилство и на понижување.

## СПРАВУВАЊЕ СО НАЈСЕРИОЗНИОТ ПРОБЛЕМ (СР)




И покрај сериозноста на проблемите, дури една третина од сексуалните работници не преземаат ништо за нивно решавање, а дополнителни една третина од нив единствено сами се обидуваат да ги решат своите проблеми без притоа да побараат помош или совет од кого било. Значително послаба проактивност во решавањето на правните проблеми се забележува кај сексуалните работници Роми, кај оние со понизок степен на образование, како и кај сексуалните работници мажи.

### Инстанци за барање помош (СР)




Во случаите кога бараат помош во решавањето на нивните проблеми, сексуалните работници најчесто се обраќаат кај правници или други лица во здруженијата на граѓани, како и кај свои роднини и пријатели. Тие многу ретко бараат помош од Полицијата или од државните служби за социјална заштита, а речиси никогаш не користат други инструменти за остварување на нивните права, како на пример работнички синдикати или средби со пратеници или советници во општините.

## Причини за неактивност (СР)




Неактивноста на СР најчесто се должи на изгубената надеж дека кој било може да им помогне во решавањето на проблемите, на недовербата во правосудниот систем и на слабата економска моќ.

# ИМПЛИКАЦИИ ЗА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ

- Потребно е засилување на напорите за **правно описменување на луѓето кои инјектираат дроги и на сексуалните работници** во Македонија, а со цел препознавање на прекршувањето на нивните права и запознавање со постоечките механизми за добивање правна заштита и остварување на правда. Ваквите напори можат да се реализираат преку здруженијата на граѓани кои ја уживаат довербата на заедниците, но и преку воспоставување и унапредување на параправните сервиси. Активностите би имале поголем ефект доколку се насочат во областите во кои ова истражување детектира поголема правна потреба.

- **Бесплатните правни услуги кои ги нудат граѓанските организации треба да се прошират и да се унапредат** бидејќи најголем дел од луѓето кои инјектираат дроги и од сексуалните работници најмногу им веруваат на здруженијата на граѓани при справувањето со нивните проблеми од правна природа. Овие услуги треба да се вклучат во системот за бесплатна правна помош поддржан од државата.

- Системската дискриминација кон граѓаните од двете заедници наложува потреба за **сензибилизирање на вработените во јавните установи за работа со овие групи, што особено се однесува на Полицијата, на обвинителствата, на судовите, на затворите, како и на здравствените установи и установите за социјална заштита.** Ова би можело да се оствари со времени мерки како обуки, теренски и студиски посети, но и преку системски измени во процесот на стручна подготовка на вработените во наведениве институции. Сензибилизирањето на јавните службеници веројатно ќе придонесе и кон отстранување на институционалните практики кои без законска основа ги криминализираат употребата на дроги и сексуалната работа.

- Мора да се работи на **подигање на довербата на луѓето кои инјектираат дроги и на сексуалните работници во македонските институции и во нивната ефикасност и правичност.** Промената на институционалните практики би испратила позитивен сигнал кој веројатно брзо ќе се прошири во заедниците, а може да биде корисно и организирање работилници на кои државни службеници ќе ги едуцираат групите за начините за пристапување до правда, според областите на надлежност.

- Потребни се **измени на Законот за бесплатна правна помош** кои ќе ги земат предвид спецификите и потребите на луѓето кои инјектираат дроги и на сексуалните работници. Ова подразбира олеснување на строгите критериуми за квалификација и отстранување на административните пречки во пристапот до бесплатна правна помош, како и овозможување промоција на овој сервис во заедниците.

- Неопходно е отворање јавна дебата за **декриминализација на личната употреба на дроги и за декриминализација на сексуалната работа во Македонија.** Единствено со воведување хумани политики за дроги и за сексуална работа овие заедници ќе можат суштински да зајакнат и без страв од последици да бараат заштита на своите права во сите области на живеењето.

**Автори:**
Ивица Цековски и Вања Димитриевски

**Издавач:**
ХОПС Опции за здрав живот Скопје

**Поддржано од:**
Foundation Open Society Macedonia / Фондација Отворено општество Македонија

Целата публикација
е достапна на www.hops.org.mk
и на www.pravnozajakni.mk